SPARKASSE Bank

Имплементација на нови платни налози и ИСО-стандардот „20022 XML“ во платните системи во земјата

www.sparkasse.mk

ISO 20022 И РЕГУЛАТОРНИ ИЗМЕНИ

Согласно законските и регулаторните измени во областа на платежните услуги и платните системи, од 09.11.2026 година, започнува примената на новите денарски платни налози, како и на меѓународниот стандард ISO 20022 XML за размена на платежни пораки во платните системи во земјата:

- ✓ ISO 20022 XML глобален стандард за размена на платежни пораки;
- ✓ Нови платни налози за денарски платежни трансакции;
- ✓ Нови 4-знаковни алфанумерички шифри за целта на плаќањето;
- ✓ Усогласена структура на денарските платежни сметки согласно IBAN стандардот – “MK07”.

КЛУЧНИ ПРИДОБИВКИ

Стандардизирани платни пораки и податоци	Подобрена автоматска обработка на плаќањата	Усогласеност со меѓународните стандарди	Повисок квалитет и структурираност на податоците	Поддршка за дигитализација и модернизација на платниот промет.

SPARKASSE Bank

ХАРТИЕНА ФОРМА НА ПЛАТНИТЕ НАЛОЗИ

Упатството за хартиената форма на платните налози, согласноста за директно задолжување и овластувањето за пренесување на платежната сметка, листата на шифри за целта на плаќањата и содржината на информативниот леток за платежната сметка со основни функции, ги пропишува следните правила кои банките се должни да ги применуваат за обрасците на платните налози на хартија при извршувањето на платежните трансакции од физичките места каде што ги даваат услугите:

- ✓ Се печатат во црно-бела техника, во два идентични примерока или на самокопирачка хартија;
- ✓ Не смеат да го менуваат распоредот на полињата за задолжителните елементи;
- ✓ Насловот на образецот се прикажува во горниот десен агол на документот, со задебелен фонт;
- ✓ Логото, трговската марка и седиштето на давателот на платежната услуга се прикажува во горниот лев агол;
- ✓ Во соодветно определените полиња, за задолжителните елементи се обезбедуваат доволно празни места за внесување на податоците и информациите потребни за извршување на платежните трансакции;
- ✓ Правилно пополнетиот налог се заверува и еден примерок се предава на корисникот на платежната услуга, а другиот се задржува;
- ✓ Обрасците може да содржат и други елементи, кои дополнително се определуваат од давателот на платежната услуга, вклучително и оние кои се неопходни за исполнување на барањата коишто произлегуваат од други законски и подзаконски акти, а кои се додаваат на крајот на образецот пред полињата за потпис и местото за заверка на платниот налог.

SPARKASSE Bank

НОВИ ПЛАТНИ НАЛОЗИ

ПП10 → ВГ - Внесување готовина

ПП40 → ПГ - Повлекување готовина


ПП30 → КТД - Кредитен трансфер во денари

ПП50 → КТБ - Кредитен трансфер кон буџетски корисници

ПП53 → ЗКТ - Збирен кредитен трансфер

SPARKASSE Bank

КТД - КРЕДИТЕН ТРАНСФЕР ВО ДЕНАРИ



SPARKASSE Bank

Ул. Васил Иљоски бр. 14 - 1000 Скопје

Платен налог
Кредитен трансфер во денари - КТД

Наименување на плаќачот

Наименување на примачот

Платежна сметка на плаќачот

M K 0 7

Платежна сметка на примачот

M K 0 7

Опис на плаќањето
(информација од плаќачот за примачот)

Шифра

Износ

M K D

Износ

Назив на платниот систем

Датум на поднесувањето

Датум (валута) на извршувањето

Инструкции за пополнување поле Опис на плаќање: 1. Повик на број одобрување, 2. Повик на број задолжување, 3. Цел на дознака-текстуален опис


Потпис на плаќачот


Место за заверка на платниот налог

Платниот налог за кредитниот трансфер во денари се користи за безготовински пренос на парични средства (за извршување на плаќања или друг вид пренос) од платежната сметка на плаќачот на платежната сметка на примачот врз основа на инструкции од имателот на платежната сметка или од друго лице овластено од него или по сила на закон.

Со користење на платниот налог за кредитен трансфер во денари не е возможно извршување на кредитниот трансфер во корист буџетските корисници, вклучително и доколку преносот на парични средства во денари се врши кога плаќачот и / или примачот е нерезидент.

ПП30 → КТД - КРЕДИТЕН ТРАНСФЕР ВО ДЕНАРИ





Назив на налогодавач → **Наименување на плаќачот**
Сметка на налогодавач → **Платежна сметка на плаќачот + МК07**
Повикување на број (примач) → **Опис на плаќањето (прв ред) Повикување на број одобрување**
Повикување на број (налогодавач) → **Опис на плаќањето (втор ред) Повикување на број задолжување**
Цел на дознаката → **Опис на плаќањето (трет ред)**
Назив на примач → **Наименување на примачот**
Сметка на примач → **Платежна сметка на примачот + МК07**
Износ МКД → **Валута според шифра MKD**
Начин → **Назив на платниот систем (само описно)**
Датум на валута → **Датум (валута) на извршувањето**

SPARKASSE Bank

КТД - КРЕДИТЕН ТРАНСФЕР ВО ДЕНАРИ – ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЕЛЕМЕНТИ

Наименување на плаќачот – Се внесува називот на правното лице или името и презимето на физичкото лице од соодветниот важечки документ за негова лична идентификација издаден од надлежен државен орган, имател на платежната сметка од која се бара извршување на кредитниот трансфер.

Платежна сметка на плаќачот – Ознаката „MK07“ преставува фиксен дел на овој елемент, по кој, во продолжение, се внесува бројот на платежната сметка на плаќачот.

Опис на плаќањето (информација од плаќачот за примачот) – Се внесуваат податоци и информации од плаќачот кои се наменети за примачот, со кои се појаснува основата на плаќањето или преносот, во согласност со листата на описи од Упатството за платни налози, а кои се договорени претходно помеѓу плаќачот и примачот. Исто така, може да се внесе и бројот на документот, на фактурата или на договорот, бројот на кредитната партија и други дополнителни информации, односно елементи коишто упатуваат на официјални документи, користејќи кирилски букви, латинични букви и / или бројки.

Датум на поднесувањето – Се внесува датумот на поднесување на платниот налог. Форматот на внесување на датумот е според редоследот ден, месец, година (ДДММГГГГ).

Потпис на плаќачот – Своерачен потпис на физичкото лице / физичките лица кое / кои има / имаат право да располага / располагаат со платежната сметка од која се врши кредитниот трансфер, во согласност со одредбите од рамковниот договор, чијшто идентитет се утврдува врз основа на важечкиот документ за лична идентификација, примерокот на депонирани потписи на лицата кои дејствуваат во негово име и за негова сметка или врз основа на елементите за идентификација договорени помеѓу давателот на платежни услуги и плаќачот за кои не е потребно присуство на плаќачот во просториите на давателот на платежни услуги.

Наименување на примачот – Се внесува називот на правното лице или името и презимето на физичкото лице примач на средствата врз основа на кредитниот трансфер. Во овој задолжителен елемент, на барање на давателот на платежната услуга дополнително може да се внесе и адресата на примачот, доколку примачот нема платежна сметка или друг производ кај давателот на платежната услуга на плаќачот.

Платежна сметка на примачот – Ознаката „MK07“ преставува фиксен дел на овој елемент, а во продолжение се внесува бројот на платежната сметка на примачот.
Валута – Ознаката „MKD“ преставува фиксен дел на овој елемент, кој ја дефинира валутата на плаќањето во денари.


Износ – Се внесува износот на платежната трансакција изразен во денари. Износот се внесува порамнето оддесно, без празни места. Празните места се пополнуваат со заштитниот знак „ѕвездичка“ (*).

Назив на платниот систем – Се внесува краткиот назив на платниот систем преку кој плаќачот бара да го изврши кредитниот трансфер, како податок напишан со кирилски или латинични букви или бројки, којшто е утврден во Регистарот на оператори на платните системи на Народната банка на Република Северна Македонија.

Датум (валута) на извршувањето – Се внесува датумот на кој давателот на платежната услуга на плаќачот треба да го изврши налогот за кредитен трансфер, кој се пополнува според редоследот ден, месец, година (ДДММГГГГ).

Место за додавање елементи за заверка на платниот налог – Се внесуваат часот и минутата на поднесување на налогот. Форматот на внесување на времето е според редоследот час и минута (ЧЧ:ММ). Во овој дел задолжително се става потписот на овластеното службено лице од давателот на платежната услуга. Давателот на платежната услуга може да внесе елементи во налогот наменети за полесна автоматска обработка на налогот од неговиот информациски систем.

КТБ - КРЕДИТЕН ТРАНСФЕР КОН БУЏЕТСКИ КОРИСНИЦИ



SPARKASSE Bank

Ул. Васил Иљоски бр. 14 - 1000 Скопје

Платен налог
Кредитен трансфер кон буџетските корисници - КТБ

Наименување на плаќачот

Платежна сметка на плаќачот

МК07

Даночен број на плаќачот

Опис на плаќањето
(информација од плаќачот за примачот)

Шифра

Датум на поднесувањето

Датум (валута) на извршувањето

Потпис на плаќачот

Наименување на примачот

Платежна сметка на примачот

МК07

Износ

MKD

Уплатна сметка

Платежна сметка на буџетскиот корисник

Приходна шифра и програма

Назив на платниот систем


Место за заверка на платниот налог


SPARKASSE Bank

Платниот налог за извршување кредитен трансфер во корист на буџетските корисници се користи за безготовински пренос на паричните средства (за извршување плаќања или друг вид пренос) од платежната сметка на плаќачот на платежната сметка на примачот врз основа на инструкции од имателот на платежната сметка или од друго лице овластено од него или по сила на закон.

Платниот налог за извршување кредитен трансфер во корист на буџетските корисници можат да го користат јавните здравствени установи за внесување на дневниот пазар во денари на платежната сметка на јавната здравствена установа.

ПП50 → КТБ – КРЕДИТЕН ТРАНСВЕР КОН БУЏЕТСКИ КОРИСНИК





Назив на налогодавач → **Наименување на плаќачот**
Сметка на налогодавач → **Платежна сметка на плаќачот + МК07**
Даночен број или ЕМБГ → **Даночен број на плаќачот**
Повикување на број (налогодавач) → **Опис на плаќањето**
Цел на дознаката → **Опис на плаќањето**
Датум на уплата → **Датум на поднесувањето**
Датум на валута → **Датум (валута) на извршувањето**
Назив на примач → **Наименување на примачот**
Сметка на примач → **Платежна сметка на примачот + МК07**
Износ МКД → **Валута според шифра MKD**
Сметка на буџетски корисник – Единка корисник → **Платежна сметка на буџетскиот корисник**
Начин → **Назив на платниот систем (само описно)**

SPARKASSE Bank

КТД - КРЕДИТЕН ТРАНСФЕР ВО ДЕНАРИ – ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЕЛЕМЕНТИ

Наименување на плаќачот – Се внесува називот на правното лице или името и презимето на физичкото лице, од соодветниот важечки документ за негова лична идентификација издаден од надлежен државен орган, кое бара извршување на кредитниот трансфер.

Платежна сметка на плаќачот – Ознаката „МК07“ преставува фиксен дел на овој елемент. Во продложение се внесува бројот на платежната сметка на плаќачот при извршување на кредитниот трансфер од страна на плаќачот.

Даночен број на плаќачот – Се внесува единствениот матичен број или единствениот даночен број на корисникот на платежната услуга. Во случај кога даночната обврска се плаќа во име и за сметка на лице различно од корисникот на платежната услуга, се внесува единствениот матичен број или единствениот даночен број на лицето на кое гласи даночната обврска – даночен обврзник. Овој елемент не се внесува кога корисникот на платежната услуга е нерезидент и нема регулирано престој во Република Северна Македонија.

Опис на плаќањето (информација од плаќачот за примачот) – Се внесуваат податоци и информации од плаќачот кои се наменети за примачот, со кои се појаснува основата на плаќањето или преносот, во согласност со листата на описи во Упатството за платни налози, а кои се договорени претходно помеѓу плаќачот и примачот. Исто така, може да се внесе и бројот на документот, на решението, датумот на дневниот пазар на јавните здравствени установи, периодот на плаќање на данокот на додадена вредност, бројот на царинската декларација и други дополнителни информации, односно елементи коишто упатуваат на официјални документи, користејќи кирилски букви, латинични букви и / или бројки. Кога се врши плаќање на придонесите во корист на Фондот за ПИОМ, задолжителен елемент е нумеричкиот податок за бројот на фолиото.

Датум на поднесувањето - Се внесува датумот на поднесување на платниот налог. Форматот на внесување на датумот е според редоследот ден, месец, година (ДДММГГГГ).

Датум (валута) на извршувањето - Се внесува датумот на кој давателот на платежната услуга на плаќачот треба да го изврши налогот за кредитниот трансфер / паричната дознака, кој се пополнува според редоследот ден, месец, година (ДДММГГГГ). Доколку овој елемент не е внесен, ќе се смета дека датумот на извршување е истиот со датумот на поднесување.

Потпис на плаќачот - Своерачен потпис на физичкото лице / физичките лица кое / кои има/имаат право да располага / располагаат со платежната сметка од која се врши кредитниот трансфер, во согласност со одредбите од рамковниот договор, чијшто идентитет се утврдува врз основа на важечкиот документ за лична идентификација, примерокот на депонирани потписи на лицата кои дејствуваат во негово име и за негова сметка или врз основа на елементите за идентификација договорени помеѓу давателот на платежните услуги и плаќачот за кои не е потребно присуство на плаќачот во просториите на давателот на платежни услуги.

Наименување на примачот – Се внесува називот на правното лице, Трезор на Министерството за финансии на Република Северна Македонија или Трезор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

Платежна сметка на примачот – Ознаката „МК07“ претставува фиксен дел на овој елемент. Во продложение се внесува бројот на платежната сметка на Трезорот на Министерството за финансии на Република Северна Македонија или платежната сметка на Трезорот на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Макединја.

Износ – Се внесува износот на платежната трансакција изразен во денари. Износот се внесува порамнето оддесно, без празни места. Празните места се пополнуваат со заштитниот знак „ѕвездичка“ (*).

Уплатна сметка – Се внесува податок од единаесет бројки во согласност со Упатството за начинот на евидентирање, распоредување, повраг и пренасочување на јавните приходи пропишано од Министерството за финансии на Република Северна Македонија.


Платежна сметка на буџетски корисник – Се внесува податок од петнаесет бројки во согласност со Упатството за начинот на трезорското работење пропишан од Министерството за финансии на Република Северна Македонија.

Приходна шифра и програма – Се внесува податок од осум знаци во согласност со Упатството за начинот на евидентирање, распоредување, повраг и пренасочување на јавните приходи и Правилникот за класификација на приходите пропишан од Министерството за финансии на Република Северна Македонија.

Назив на платниот систем – Се внесува краткиот назив на платниот систем преку кој плаќачот бара да се изврши кредитниот трансфер / паричната дознака, како податок од кирилски или латинични букви или бројки, кој е утврден во Регистар на оператори на платни системи на Народната банка на Република Северна Македонија.

Место за додавање елементи за заверка на платниот налог – Се внесуваат часот и минутата на поднесување на налогот. Форматот на внесување на времето е според редоследот час и минута (ЧЧ:ММ). Во овој дел задолжително се става потписот на овластеното службено лице од давателот на платежната услуга. Давателот на платежната услуга може да внесе елементи во налогот наменети за полесна автоматска обработка на налогот од неговиот информациски систем.

ЗКТ - ЗБИРЕН КРЕДИТЕН ТРАНСФЕР



SPARKASSE Bank

Ул. Васил Иљоски бр. 14 - 1000 Скопје

Платен налог
Збирен кредитен трансфер - ЗКТ

Наименување на плаќачот

Платежна сметка на плаќачот

MK07

Даночен број на плаќачот

Износ

MKD

Опис на плаќањето (информација од плаќачот за примачот)

Фолио број

Датум на поднесувањето

Датум (валута) на извршувањето

Назив на платниот систем

Вкупен број на налози

Потпис на плаќачот

Место за заверка на платниот налог


Збирниот платен налог за извршување кредитен трансфер во корист на повеќе платежни сметки на примачот / примачите се користи кога на товар на една платежна сметка на плаќачот, а во корист на повеќе примачи, се плаќаат придонесите од задолжителното социјално осигурување, персоналниот данок и нето-платата, односно персоналниот данок и приходот што не е плата.


Збирниот платен налог е придружен со поединечни платни налози за секој поединечен пренос на парични средства од плаќач во корист на секој примач за која цел се користат Кредитен трансфер во денари, односно Кредитен трансфер кон буџетските корисници.

Банката ги презема електронските податоци за плаќање на придонесите од задолжителното социјално осигурување, персоналниот данок и нето-платата од Управата за јавни приходи.

SPARKASSE Bank

ПП53 → ЗКТ - ЗБИРЕН КРЕДИТЕН ТРАНСФЕР





Назив на налогодавач → **Наименување на плаќачот**
Даночен број → **Даночен број на плаќачот**
Повикување на број задолжување → **Дополнителни појаснувања – Повикување на број – задолжување**
Датум на уплата → **Датум на поднесувањето**
Датум валута → **Датум (валута) на извршувањето**
Сметка на налогодавач → **Платежна сметка на плаќачот + MK07**
Износ МКД → Валута според шифра MKD
Начин → **Назив на платниот систем (само описно)**
Бр. налози → **Вкупен број налози**

ПП53 → ЗКТ – ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЕЛЕМЕНТИ

Наименување на плаќачот – Се внесува називот на правното лице или името и презимето на физичкото лице од соодветниот важечки документ за лична идентификација, издаден од надлежен државен орган, имател на платежната сметка од која се бара извршување на кредитниот трансфер.

Даночен број на плаќачот – Се внесува единствениот матичен број или единствениот даночен број на корисникот на платежната услуга. Во случај кога даночната обврска се плаќа во име и за сметка на лице различно од корисникот на платежната услуга, се внесува единствениот матичен број или единствениот даночен број на лицето на кое гласи даночната обврска – даночен обврзник. Овој елемент не се внесува кога корисникот на платежната услуга е нерезидент и нема регулирано престој во Република Северна Македонија.

Опис на плаќањето (информација од плаќачот за примачот) – Ова поле се пополнува доколку плаќачот е буџетски корисник, при што задолжнително се внесува соодветната сметка на буџетскиот корисник, расходното конто и програмата од која се врши плаќањето. Доколку плаќачот не е буџетски корисник, по потреба се внесуваат дополнителни информации за плаќањето. Овој елемент се повторува повеќе пати (во зависност од бројот на поединечни налози).

Датум на поднесувањето – Се внесува датумот на поднесување на платниот налог. Форматот на внесување на датумот е според редоследот ден, месец, година (ДДММГГГГ).

Датум (валута) на извршувањето – Се внесува датумот на кој давателот на платежни услуги треба да го изврши налогот за кредитен трансфер на плаќачот, кој се пополнува според редоследот ден, месец, година (ДДММГГГГ).

Потпис на плаќачот – Своерачен потпис на физичкото лице / физичките лица сопственик / сопственици на платежната сметка или своерачен потпис на физичкото лице / физичките лица кое / кои има / имаат право да располага / располагаат со платежната сметка од која се врши кредитниот трансфер, во согласност со одредбите од рамковниот договор, чијшто идентитет се утврдува врз основа на важечкиот документ за лична идентификација, примерокот на депонирани потписи на лицата кои дејствуваат во негово име и за негова сметка или врз основа на елементи за идентификација договорени помеѓу давателот на платежни услуги и плаќачот за коишто не е потребно присуство на плаќачот во просториите на давателот на платежни услуги.

Платежна сметка на плаќач – Ознаката „MK07“ преставува фиксен дел на овој елемент. Во продолжение се внесува бројот на платежната сметка на плаќачот при извршување збирен кредитен трансфер од страна на плаќачот, кој ќе се изврши на товар на неговата платежна сметка, а во корист на повеќе платежни сметки на примачите.

Износ – Ознаката „MKD“ преставува фиксен дел на овој елемент во согласност со прилогот број 3 од ова упатство. Во продолжение се внесува износот на платежната трансакција, изразен во денари. Износот се внесува од десната страна на задолжителниот елемент, без празни места. Празните места се внесуваат со заштитниот знак „ѕвездичка“ (*).


Фолио број – Претставува податок од дваесет и две бројки кој го генерира Управата за јавни приходи. Фолио бројот се внесува порамнето одлево, а во продолжение, по потреба, се внесува информација за примачот со опис на намената и основата за плаќање заради која е воспоставен налогот. Овој елемент се повторува повеќепати во зависност од бројот на налозите.

Назив на платниот систем – Се внесува краткиот назив на платниот систем преку кој плаќачот бара да го изврши кредитниот трансфер, како податок напишан со кирилски или латинични букви или бројки, којшто е утврден во Регистарот на оператори на платните системи на Народната банка на Република Северна Македонија.

Вкупен број налози – Во ова поле се внесува вкупниот број поединечни платни налози во збирниот налог.

Место за додавање елементи за заверка на платниот налог – Се внесуваат часот и минутата на поднесување на налогот. Форматот на внесување на времето е според редоследот час и минута (ЧЧ:ММ). Во овој дел задолжително се става потписот на овластеното службено лице од давателот на платежната услуга. Давателот на платежната услуга може да внесе елементи во налогот наменети за полесна автоматска обработка на налогот од неговиот информациски систем.

ВГ – ВНЕСУВАЊЕ ГОТОВИНА



SPARKASSE Bank

Ул. Васил Иљоски бр. 14 - 1000 Скопје

Налог
Внесување готовина - ВГ

Наименување на внесувачот

Наименување на примачот

ЕМБГ или друг број за идентификација на внесувачот

Платежна сметка на примачот

M K 0 7

Број на документот за идентификација на внесувачот

Валута

Износ

Опис на внесувањето готовина

Шифра

Држава на нерезидентот

Датум на поднесувањето


Потпис на внесувачот


Место за заверка на налогот

Налогот за внесување готовина се користи за внесување готовина на платежната сметка кај давателот на услугата од страна на имателот на платежната сметка или од друго лице овластено од него или по сила на закон.

Налогот за внесување готовина не може да се користи за плаќање во корист на буџетските корисници.

ПП10 → ВГ - ВНЕСУВАЊЕ ГОТОВИНА





Назив на налогодавач → **Наименување на внесувачот**
Даночен број или ЕМБГ → **ЕМБГ или друг број за идентификација на внесувачот**
Повикување на број одобрување → **Опис на внесувањето готовина**
Цел на дознаката → **Опис на внесувањето готовина**
Назив на примач → **Наименување на примачот**
Сметка → **Платежна сметка на примачот + МК07**
Износ МКД → **Валута според шифра MKD**
Датум на уплата → **Датум на поднесување**

ВГ – ВНЕСУВАЊЕ ГОТОВИНА – ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЕЛЕМЕНТИ

Наименување на внесувачот – Се внесуваат името и презимето на физичкото лице што внесува готовина од соодветниот важечки документ за негова лична идентификација или друг соодветно важечки документ издаден од надлежен државен орган.

Единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ) или друг број за идентификација на внесувачот – за резидентите физички лица со постојано место на живеење во Република Северна Македонија се внесува ЕМБГ, а за тие со привремен престој се внесува единствениот идентификациски број од соодветниот важечки документ за лична идентификација издаден од Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија. За нерезидентите физички лица се внесува единствениот идентификациски број на лицето од важечкиот документ за лична идентификација или друг соодветен важечки документ издаден од надлежниот орган на државата на нерезидентот.

Број на документот за идентификација на внесувачот – Се внесува единствениот идентификациски број на важечкиот документ со кој се врши лична идентификација на лицето.

Опис на внесувањето готовина – Се внесуваат податоци и информации од внесувачот на готовината за појаснување на основата на внесувањето во согласност со листата на описи во Упатството за платни налози или подзаконскиот акт на Народната банка со кој се пропишува начинот за извршување на платежните трансакции со странство. Исто така, може да се внесе и бројот на документот, датумот на стекнување на дневниот пазар, бројот на кредитната партија и други дополнителни информации, односно елементи коишто упатуваат на официјални документи, користејќи кирилски букви, латинични букви и / или бројки.

Потпис на внесувачот – своерачен потпис на физичкото лице кое ја внесува готовината во присуство на службеното лице на давателот на платежната услуга кое ја прима готовината, по извршена проверка од важечкиот документ за лична идентификација дека потпишувачот е лицето наведено во документот како внесувач. Доколку лицето кое ја внесува готовината е ополномоштено лице, во согласност со одредбите на рамковниот договор, ополномоштеното физичко лице кое ја внесува готовината на платежната сметка на имателот става своерачен потпис. Потписот се става кај давателот на платежната услуга во присуство на службеното лице, овластено од давателот на платежната услуга, кое ја прима готовината, по извршена проверка преку важечкиот документ за лична идентификација дека потпишувачот е лицето коешто е наведено во документот како ополномоштено физичко лице потписник на налогот.

Наименување на примачот – Се внесува називот на правното лице или името и презимето на физичкото лице – примач, на чија сметка се внесува готовината.

Платежна сметка на примачот – Ознаката „МК07“ преставува фиксен дел на овој елемент, во чиешто продолжение се внесува бројот на платежната сметка на примачот.
Валута – Се внесува кодот на валутата, што е предмет на платежната трансакција (со латинични букви).


Износ – Се внесува износот на готовината изразен во валутата којашто се внесува. Износот се внесува порамнето оддесно, без празни места, како рационален број со две децимални места. Празните места се пополнуваат со заштитниот знак „ѕвездичка“ (*).

Држава на нерезидентот – Се внесува името на државата на нерезидентот. Ова поле се пополнува кога лице со статус на нерезидент внесува готовина на својата платежна сметка, како и кога лице со статус резидент внесува готовина во странска валута на својата платежна сметка која ја примило од нерезидент. Внесувањето на овој елемент е задолжително. Во првиот случај, нерезидентот ја назначува државата на резидентност, а во вториот случај резидентот ја назначува државата на нерезидентот од кој има примено готовина. Овој елемент не се внесува доколку лице со статус резидент примило готовина од друго лице со статус резидент.

Датум на поднесување – Се внесува датумот на поднесувањето на налогот. Форматот на внесувањето на датумот е според редоследот ден, месец, година (ДДММГГГГ).

Место за додавање елементи за заверка на платниот налог – Се внесуваат часот и минутата на поднесување на налогот. Форматот на внесување на времето е според редоследот час и минута (ЧЧ:ММ). Во овој дел задолжително се става потписот на овластеното службено лице од давателот на платежната услуга. Давателот на платежната услуга може да внесе елементи во налогот наменети за полесна автоматска обработка на налогот од неговиот информациски систем.

ПГ –ПОВЛЕКУВАЊЕ ГОТОВИНА



SPARKASSE Bank

Ул. Васил Иљоски бр. 14 - 1000 Скопје

Налог
Повлекување готовина - ПГ

Наименување на имателот на платежната сметка

Наименување на примачот на готовината

Платежна сметка на имателот

МК07

Валута

Износ

Опис на повлекувањето готовина

Шифра

ЕМБГ или друг број за идентификација на примачот

Број на документ за идентификација на примачот на готовината

Датум на поднесувањето

Држава на нерезидентот


Потпис на примачот на готовина


Потпис на имателот на платежната сметка

Место за заверка на налогот

Налогот за повлекување готовина се користи за повлекување готовина од платежната сметка кај давателот на платежната услуга од страна на имателот на платежната сметка или од друго лице овластено од него или по сила на закон.

ПП40 → ПГ - ПОВЛЕКУВАЊЕ ГОТОВИНА





Назив на налогодавач → **Наименување на имателот на платежната сметка**
Сметка → **Платежна сметка на имателот + MK07**
Повикување на број одобрување → **Опис на повлекување готовина**
Цел на исплата → **Опис на повлекување готовина**
Датум на исплата → **Датум на поднесување**
Назив на примач → **Наименување на примачот на готовината**
Износ МКД → **Валута според шифра MKD**
Даночен број или ЕМБГ → **ЕМБГ или друг број за идентификација на примачот**

ПГ - ПОВЛЕКУВАЊЕ ГОТОВИНА– ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЕЛЕМЕНТИ

Наименување на имателот на платежната сметка – Се внесува називот на правното лице или името и презимето на физичкото лице, од соодветниот важечки документ за негова лична идентификација издаден од надлежен државен орган, кое е имател на платежната сметка од која се подига готовината.

Платежна сметка на имателот - Ознаката „MK07" преставува фиксен дел на овој елемент, во чиешто продолжение се внесува бројот на платежната сметка од која се повлекува готовината.

Опис на повлекувањето готовина – Се внесуваат податоци и информации за појаснување на основата за повлекувањето готовина во согласност со листата на описи од Упатството за платни налози или подзаконскиот акт на Народната банка со кој се пропишува начинот на извршување на платежните трансакции со странство. Исто така, може да се внесе и бројот на патниот налог, на договорот, на одлуката, на материјалните трошоци за периодот и други дополнителни информации, односно елементи коишто упатуваат на официјални документи, користејќи кирилски букви, латинични букви и / или бројки.

Датум на поднесувањето – Се внесува датумот на поднесување на налогот. Форматот на внесување на датумот е според редоследот ден, месец, година (ДДММГГГГ).

Потпис на имателот на платежната сметка – своерачен потпис на физичкото лице / лицата кои имаат право да располагаат со платежната сметка од која се повлекува готовината во согласност со одредбите на рамковниот договор, во присуство на службеното лице на давателот на платежната услуга кое ја издава готовината, по извршена проверка од важечкиот документ за лична идентификација дека потпишувачот е лицето наведено во документот како примач на готовината. Доколку физичкото лице кое има право да располага со платежната сметка е различно од физичкото лице кое ја прима готовината, физичкото лице кое има право да располага со платежната сметка не мора да е присутно во просториите на давателот на платежната услуга при поднесување на налогот за повлекување на готовината, при што службеното лице на давателот на платежната услуга кое ја издава готовината е должно да го спореди неговиот потпис на налогот за повлекување готовина со неговиот потпис што бил депониран претходно кај давателот на платежната услуга.

Наименување на примачот на готовината – Се внесува името и презимето на примачот на готовината согласно соодветно важечки документ за лична идентификација издаден од надлежниот орган на државата на резидентност на физичкото лице.

Валута – Се внесува кодот на валутата, којшто е предмет на платежната трансакција (со латинични букви).

Износ – Се внесува износот на платежната трансакција, изразен во валутата којашто се внесува. Износот се внесува порамнето оддесно, без празни места, како рационален број со две децимални места. Празните места се пополнуваат со заштитниот знак „ѕвездичка (*).

Единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ) или друг број за идентификација на примачот – за резидентите физички лица со постојано место на живеење во Република Северна Македонија се внесува ЕМБГ, а за тие со привремен престој во Република Северна Македонија се внесува единствениот идентификациски број од соодветниот важечки документ за лична идентификација издаден од Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија. За нерезидентите физички лица се внесува единствениот идентификациски број на лицето од важечкиот документ за лична идентификација или друг соодветен важечки документ издаден од надлежниот орган на државата на нерезидентот.

Број на документ за идентификација на примачот на готовината – Се внесува единствениот идентификациски број на важечкиот документ со кој се врши лична идентификација на лицето.

Држава на нерезидентот – Се внесува името на државата во која резидентот правно лице ќе ја користи готовината. Овој елемент не се внесува доколку готовината се користи во Република Северна Македонија или кога 5 физичкото лице нерезидент или физичкото лице резидент е имателот на платежната сметка од којашто се повлекува готовината.

Потпис на примачот на готовина – Доколку физичкото лице кое ја прима готовината истовремено е и имател на платежната сметка, овој елемент на налогот не се внесува. Внесувањето на овој податок од страна на имателот на платежната сметка не претставува основа за одбивање на налогот. Доколку лицето кое ја подига готовината е ополномоштено лице, во согласност со одредбите на рамковниот договор, ополномоштеното физичко лице кое ја подигнува готовината од платежната сметка на имателот става своерачен потпис. Потписот се става кај давателот на платежната услуга во присуство на службеното лице, овластено од давателот на платежната услуга, кој ја врачува готовината, по извршена проверка преку важечкиот документ за лична идентификација дека потпишувачот е лицето коешто е наведено во документот како ополномоштеното физичко лице потписник на налогот.

Место за додавање елементи за заверка на платниот налог – Се внесуваат часот и минутата на поднесување на налогот. Форматот на внесување на времето е според редоследот час и минута (ЧЧ:ММ). Во овој дел задолжително се става потписот на овластеното службено лице од давателот на платежната услуга. Давателот на платежната услуга може да внесе елементи во налогот наменети за полесна автоматска обработка на налогот од неговиот информациски систем.

КТС - КРЕДИТЕН ТРАНСФЕР СО СТРАНСТВО

SPARKASSE Bank

Ул. Васил Иљоски бр. 14 - 1000 Скопје

Платен налог
Кредитен трансфер со странство - КТС

Наименување на плаќачот

Платежна сметка на плаќачот

MK07

Опис на плаќањето
(информација од плаќачот за примачот)

Шифра

Статус на плаќачот

Резидент | Нерезидент

Датум на поднесувањето

Потпис на плаќачот

Наименување на примачот

Платежна сметка на примачот

Валута

Износ

Држава на нерезидентот

Назив на платниот систем

БИК на давателот на платежните услуги на примачот

Надоместок за извршување на налогот на товар на:

плаќач (OUR) | поделен (SHA) | примач (BEN)

Статус на примачот

Резидент | Нерезидент

Датум (валута) на извршувањето

Друга идентификациска ознака на давателот на платежните услуги на примачот

Место за заверка на платниот налог

Платниот налог за кредитен трансфер со странство освен за извршување кредитен трансфер во валута различна од денарот, се наменува и за извршување кредитен трансфер и во валута денар во случај кога се врши пренос на парични средства кога плаќачот и / или примачот е нерезидент.

Описот на плаќањето или преносот и за кредитен трансфер во валута денар, се појаснува со употреба на листата на основи наведени во подзаконскиот акт на Народната банка со кој се пропишува начинот за извршување платежни трансакции со странство

Со користење на платниот налог за кредитен трансфер со странство не е возможно извршување кредитен трансфер во денари во корист на буџетските корисници.

SPARKASSE
Bank

Ви благодариме за довербата

www.sparkasse.mk